Оваа година прославата на светскиот ден на книгата ја гледаме во поширок контекст што го прави денешниот датум уште поимпресивен, уште позначаен: 80 години од кодификацијата на македонскиот литературен јазик.

Кога зборуваме за книгата, ние не зборуваме само за објект. Зборуваме за домот на јазикот. Зборуваме за местото каде што зборовите не само што се запишани, туку се оживеани. Токму преку книгите, еден јазик станува глас, сведоштво, наследство. А македонскиот јазик – нашиот мајчин и државен јазик – пред осум децении, првпат го доби своето институционално кодифицирање, своето право на објавен збор, во учебник, во книга.

Во тој историски контекст, кодификацијата на македонскиот јазик не беше само изнуден лингвистички чин. Таа беше чин на самопотврдување на националниот и на културниот идентитет. Со тоа, му се овозможи на македонскиот збор да стане порамноправен со сите светски јазици – и во книжевноста, и во науката, и во секојдневниот живот.

Затоа, денешната прослава добива двојно значење. Го славиме зборот, но и правото на збор. Го славиме авторот, но и правото на свој јазик преку кој авторот може да создава, да зборува, да сонува. Го славиме авторското право – како продолжение на таа борба за признавање на креативноста, заштита на трудот и вреднување на умот.

Нека оваа 80-годишнина не биде само одбележување на минатото, туку поттик за иднината. Нека нѝ биде потсетник дека сме должни да го негуваме јазикот што ни е пренесен од раѓањето, да ги вреднуваме оние што пишуваат и да создадеме услови во кои идните генерации ќе можат слободно, достоинствено и со љубов да создаваат на својот мајчин јазик, затоа што народите кои зад себе не оставиле никакви писмени сведоштва, а и не биле споменато од други, исчезнале од историјата и биле заборавени засекогаш.

Денес, кога информатичко-комуникациската технологијата нѝ овозможува пристап до сѐ, ние сме пред нов предизвик: како да ја зачуваме длабочината, интегритетот и значењето на пишаниот збор. Како да го сочуваме јазикот од банализација, авторството од обезвреднување, и книгата од заборав. Одговорот, веруваме, се наоѓа токму во ваквите денови – кога колективно се потсетуваме дека јазикот е жив ткаеж од мисли, чувства и историја, а книгата – најблагородниот чувар на таа ткаенина.

На Светскиот ден на книгата, авторот и авторското право не само што ги славиме зборовите испишани на страници, туку ја славиме и моќта на мислата, креативноста и знаењето.

Книгите се зачувано културно наследство како меморија и традиција, проткаени низ цивилизациските развои на човештвото и овозможуваат интерактивно да се

комуницира низ просторот и времето. Книгата почнала да влегува во пишувачка функција од I век и доминирала од IV век наваму. Во фрескоживописот на катакомбите посветени на св. апостол Петар и Марчелинус во Рим од III век е насликан млад маж, кој во рацете држи отворена книга.

Оттогаш наваму, книгите се трајна цивилизациска придобивка, своевиден видлив јазик против заборавот, кој како извор помага засекогаш да се памети сè, да се овековечи изговорениот и промислениот збор од памтивека до денес.

Книгите не нè учат само како да размислуваме, со нив патуваме низ простори што никогаш физички не сме ги посетиле, запознаваме луѓе што никогаш не сме ги сретнале, и ги живееме нивните радости, дилеми, промисли, соништа. Во секоја приказна откриваме и дел од себе.

Секоја книга е акт на храброст и на подвиг. Зад секој наслов стои автор – поединец кој одлучил да сподели дел од себе, свои мисли, приказни, визии или вистини. Нивниот труд не е само индивидуално постигнување, туку и придонес кон колективното знаење и духовно богатство на човештвото.

Авторското право, пак, не е само законска рамка. Тоа е форма на интегритет – признание дека идејата, еднаш преточена во збор, има сопственост, вредност и достоинство. Во време кога информациите се сè подостапни, наша е одговорноста да го зачуваме достоинството на авторскиот труд и да ги едуцираме новите генерации за важноста на етичкото користење на содржини.

Во ера на екраните и на брзи (информации) содржини, книгата останува место на тишина, на интима, на длабочина. Таа не се натпреварува со брзината, туку нè потсетува на вредноста на трајното. Да ја отвориме книгата значи да ѝ дадеме шанса на мислата да се развие, на емпатијата да се засили и на мудроста да се вкорени.

Денес, затоа, да оддадеме чест на сите автори – познати и анонимни, живи и починати – кои низ вековите ни го отворија умот и срцето. Да оддадеме признание на книгата како светилиште на идеите, и да се заложиме за свет во кој авторскиот труд се вреднува и се штити.

Нека овој ден нѝ биде потсетник дека читањето не е само навика, туку чин на отпор против површноста. А пишувањето – чин на надеж, дека зборот сè уште има сила да менува светови.

Во чест на книгата. Во чест на авторот. Во чест на македонскиот јазик.